СЛЕДЕЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ РАСХОДИ ВО ПРЕД – ИЗБОРНИОТ И ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД

МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – Јавен документ
Период на следење: од 01.02.2016до29.02.2016

Кратенки 2

1. Резиме за извештајниот период 3

Централна власт 3

Мониторинг на трошењето на ниво на локална власт 5

2. Вовед 9

3. Буџетски Трошења 10

А) Трошењето од централниот буџет 10

1. Мониторинг на буџетските трошења на централно ниво-мониторинг и анализа на месечните извештаи кои ги објавува Министерството за финансии на РМ за извршување на буџетот 10

Мониторинг на индикатори за следењето на буџетските трошења на централно ниво 10

Следење на објави за извештајниот период 20

Б) Трошења од буџетите на единиците на локална самоуправа 27

1. Мониторингот на трошења на ниво на локална власт 27

2. Селектирани капитални/оперативни расходи и следење кај единиците на локална самоуправа и трошења на ЈП основни од ЕЛС (Град Скопје) 30

Квартално извршување на буџетите на единиците на локална самоуправа 30

4. АНЕКС 34

Кратенки

АФПЗРР – Агенција за финансиска поддршка на земјоделие и рурален развој
БИЈК – Барање за информации од јавен карактер
ДДВ – Данок на додадена вредност
ЕЛС – Единица на локална самоуправа
ЈП – Јавно претпријатие
ЦЕА – Центар за економски анализи
МЗШВ – Министерство за шумарство и водостопанство
МТВ – Министерство за труд и социјална политика
МТСП – Министерство за труд и социјална политика
МФ – Министерство за финансии
РМ – Република Македонија
ТМ – Транспарентност Македонија

1. Резиме за извештајниот период

Централна власт

Мониторинг на индикатори за следењето на буџетските трошења на централно ниво

- ✓ Во јануари 2016 години споредено со вообичаените месечни движења за овој период се забележува зголемување на вкупните приходите од даноци, меѓутоа ако се погледне рамномерноста и реализацијата на буџетот за ставката приходи од даноци е 7,43% што е за речиси 1 процентен поен помалку од рамномерните 8,33%, доколку дадената буџетска ставка би се реализирала рамномерно на месечно ниво во текот на годината.

- ✓ Во јануари 2016 год. приходите од ДДВ се зголемуваат во однос на сезонското месечно движење, и реализација на буџетот во јануари 2016 година изнесува 8,76%, што претставува релативно повисок процент на реализација споредено со претходната година во истиот период (јануари 2015 година) кога истата изнесува 6,9[1]%.

- ✓ Движењето на приходите од ставката Административни такси и глоби е циклично доколку се гледа месечната динамика во целиот период од 2008 година до сега, и во споредба со месечните движења од претходните периоди во јануари 2016 година бележиме пад, а реализација на оваа ставка за месец јануари изнесува 5,6%, што претставува низок процент споредено со рамномерната реализација на месечно ниво која би била 8,33% доколку рамномерно би се реализирал буџетот секој месец во текот на годината.

- ✓ Буџетскиот дефицит во месец јануари 2016 е реализиран над очекуваната рамномерна реализација (8,33%) со стапка на реализација од годишниот буџет за 2016 година од 8,9%. Истиот, споредeн со месечните фактори за изминатиот период не покажува зголемување во однос на овој период од годината.

- ✓ Во месец јануари ставката државни записи е со стапка на реализација од дури 12,25% од вкупно планираниот годишен буџет, што е речиси 4 процентни поени над очекуваната рамномерна реализација на месечно ниво од 8,33%.

[1] Нето ефектот на рефундирање на данокот за додадена вредност кон деловните субјекти кои се обврзници за ДДВ ќе има ефект врз крајната релазација на оваа буџетска ставка од извршување на буџетот.

- ✓ Стапка на реализација за месец јануари 2016 на буџетската ставка странски заеми од годишниот план е 2,02% но, во претходниот месец (декември 2015 година) се јавува задолжување со странски заеми од 16,77 милијарди денари со што само во месец декември е надминат планираниот годишен буџет повеќекратно, а вкупната реализација за оваа буџетска ставка за цела 2015 година е 458%. Оваа е резултат на издавањето на евро обврзницата во ноември/декември 2015 за која се прибрани 270 милиони евра.

- ✓ Капиталните трошоци во јануари 2016 година бележат реализација од само 3,3% од планираниот буџет за 2016 година, и имаат ниско но, вообичаено/сезонско движење за овој период на годината, и значително под рамномерното месечно движење, кое би било 8,33% доколку рамномерно би се реализирал буџетот секој месец во текот на годината.

- ✓ Ставката на централниот буџет во социјалните трансфери - фонд за ПИОМ (во која се вклучени расходите за пензии) во јануари 2016 година бележи значително голем скок во однос на вообичаеното месечно движење за овој период над вообичаеното месечно движење, за разлика од претходните месеци, односно ноември и декември 2015 година, кога имаме движење под нивното сезонско/месечно движење, со стапка на реализација на планираниот буџет од 9,61% значително повисока реализација над рамномерно очекуваната месечна распределба од 8,33%, како резултат на раздолжувањето кон приватните задолжителни пензиски фондови.

Јавни објави на веб страниците на Влада и селектирани буџетски корисници

- ✓ Значаен дел од објавите за буџетски трошења се објавуваат на веб страницата на Влада на РМ, а истите се однесуваат на други буџетски корисници кои се имплементатори односно иматели на информации, кои пак не ги објавуваат сите информации на веб станиците, па оттука се јавува и препраќањето од една на друг институција во постапката за БИЈК.

- ✓ Мал број (само 22%) од вкупните објави на Влада на РМ и на буџетските корисници содржат финансиски податоци за направените/планираните инвестиции или за објавите во кои се најавува нова инвестиција(Владата која има најмногу објави – исто така 22%).

- ✓ Само 5% од вкупните објави содржат аналитичко елаборирање на планираните/ реализираните активности.

- ✓ Скромен дел од објавите (околу 10%) вклучуваат информации за изворите на средства, како и програмите/стратегиите/плановите врз основа на кои го најавуваат или реализираат објавениот проект.

- ✓ Буџетските корисници на своите веб страници објавуваат многу малку информации за нивните активности.



- ✓ Може да се забележи дека покрај малиот број на објави и содржината на објавите е со скромни квантитативни и квалитативни податоци– односно кај сите мониторирани институции (кај тие што воопшто имаат било каква објава) процентот на објавени информации е многу мал

- ✓ Само за 2 објави на Влада на РМ и 3 објави од Министерството за финансии содржат аналитика на објавите, додека останатите буџетски корисници во своите објави немаат суштински податоци за насловите.

- ✓ Најголем дел од објавите на сите мониторирани веб страници се однесуваат на посети, средби и конференции на државните претставници кои ги имале во текот на извештајниот период.

Мониторинг на трошењето на ниво на локална власт

- ✓ Во овој извештаен период се забележани вкупно 97 капитални и оперативни буџетски трошења, по кои е постапено со дополнително прибирање на информации/податоци кои се однесуваат на истите.

- ✓ Од расположливите податоци добиени од локалниот мониторинг се утврдува дека најголем број на капитални/оперативни расходи на локално ниво биле идентификувани во Охрид, Гази Баба (за разлика од претходниот период каде што на територија на Гази Баба беа забележани многу малку активности на терен) и Струмица, додека значително помалку трошења биле идентификувани во Врапчиште, Кратово, Македонски Брод и Чашка – кои доминантно се помали рурални населени места.

- ✓ Во текот на февруари, скоро три четвртини од регистрираните трошења се однесуваат на капитални вложувања.

- ✓ Во однос на областите на вложувања како главни се издвојуваат: реновирање/реконструкција на градинки училишта и др. образовни

објекти, реконструкција на патишта и улици и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи.

- ✓ Од вкупно 97 евидентирани трошења, 21 се однесуваат на реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, 36 на реконструкција на патишта и улици, 12 на реновирање/реконструкција на училишта, градинки, социјални домови и сл., и 28 трошења кои не можат да се сместат во горенаведените категории.

- ✓ Од вкупно 24 набљудувани општини во 20 се поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер. Во извештајниот период, вкупно 54 барања се поднесени по основ на евидентираните трошења, и за сите општини има евидентирано барем по едно трошење

- ✓ За некои општини како што се Охрид, Кратово и Кавадарци информации се добиле без официјално поднесување на БПИЈК односно за вкупно 37 евидентирани трошења не се јавила потреба за поднесување на БПИЈК и информациите се добивани при посета на општината или при контакт со одговорно лице на телефон или e-mail, или пак информациите се јавно достапни на веб страниците на општините.

- ✓ Од вкупно евидентираните 97 трошења во набљудуваните општини, за 49 трошења има целосни или делумни податоци добиени како одговор на БПИЈК (13), со директен контакт со општината или документите се јавно достапни. За остатокот од поднесените БПИЈК, се очекува да се добие одговор во наредниот извештаен период, кога и истекува законската обврска да се добие одговор по основ на поднесените барања.

- ✓ Во текот на февруари добиени се 21 одговор кои се однесуваат на поднесените БПИЈК во текот на јануари (од вкупно 46 поднесени во истиот месец).

- ✓ ***Табела: Достапност на документи со кои е поткрепено трошењето:***

Документи со кои е поткрепено торшењето	# трошења во набљудуваните општини во јануари	Изразеност во % (од вкупно 24 трошења)-јануари	# трошења во набљудуваните општини во февруари	Изразеност во % (од вкупно 49 трошења)-февруари
Предвидено во стратегија	2	8%	0	0%
Предвидено во Програма	15	63%	17	35%
Предвидено во Буџетска програма	12	50%	20	41%
Донесена Одлука на Совет	14	58%	13	27%
Предвидено во План на општината	12	50%	12	24%
Трошења соджани во сите 5 документи	2	8%	0	0%
Трошења содржани во барем 2 документи	16	67%	18	37%
Трошења содржани во само 1 документ	4	17%	7	14%

- ✓ Од достапните квартални извештаи за извршување на буџетот за четвртиот квартал од 2015 година, за осумнаесет од дваесет и четири општини, (извешти добиени до крајот на месец февруари 2016 година) може да се утврди дека: ниту една од општините не го реализирала буџетот за 2015 година над 90% од планираниот/последен ребаланс на буџетот, најголем дел односно 7 општини реализирале над 80% од вкупниот буџет за 2015 година, 4 општини реализирале помеѓу 70% и 79% од вкупниот буџет за 2015 година додека останатите реализирале под 69% одвкупниот буџет за 2015 година

- ✓ Реализација на вкупните капитални буџети за 2015 година од 18 општини е релативно мала во однос на планираните буџети: ниту една од општините не го реализирала капиталниот буџетот за 2015 година со над 80% од планираниот/последен ребаланс на буџетот, 3 општини реализирале помеѓу 70% и 79% од вкупниот капитален буџет, 2 општини реализирале помеѓу 60% и 69% од вкупниот капитален буџет за 2015 година, а дури 5 Општини реализирале помеѓу 50% и 59% од вкупниот капитален буџет за 2015 година, а останатите 8 општини реализирале под 50% од вкупниот капитален буџет за 2015 година

- ✓ Процентот на реализацијата на вкупните оперативни буџети за 2015 година за 18 општини е значително повисок од реализацијата на капиталните буџети и тоа: 5 општини го реализирале оперативниот буџет за 2015 година со над 90% до 94% од планираниот/последен ребаланс на буџетот, 9 општини реализирале помеѓу 80% и 89% од вкупниот капитален буџет за 2015 година, а 4 општини реализирале помеѓу 70% и 79% од вкупниот капитален буџет за 2015 година

2. Вовед

Мониторингот на трошењето од буџетот на централно и локално ниво преставува комплексенпроцес која бара најпрво дефинирање на методологија и понатаму дизајнирање на шема за нејзина имплементација од која навремено и точно ќе се продуцираат конкретни информации и податоци.

Со цел реализација на оваа операција, ЦЕА пристапи кон реализација на неколку активности кои понатаму ќе служат како основа за извештаите кои се продуцираат. Во текот на месец ноември-декември2015 год.од страна на експертскиот тим на Центарот за економски анализи (ЦЕА) беше развиена методологија за следење на трошењата од буџетот на централно и локално ниво во Република Македонија (РМ)во предизборниот и изборниот период за предвремените избори најавени за април 2016 година. Развивањето на ваква методологија е од посебен интерес за РМ имајќи предвид дека ваква активност до сега не била спроведена во државата.

Методологијата се состоиод два дела:

1. Мониторинг на буџетските трошења на централно ниво (извршување на буџетот и следење на објави на буџетски корисници).
2. Мониторинг на буџетските трошења на локално ниво (мониторинг на квартално извршување на општинските буџети и мониторинг на капиталните/оперативните расходи),
    - мониторингот на локално ниво има и компонента на следење на трошењето на локално ниво од единиците на локална самоуправа, буџетските единки и комуналните претпријатија од страна на обучени локални набљудувачи.

Методологијата ќе ги следи трошењата и најавите за трошења од Владата, буџетските корисници, нивните претставници, локалната самоуправа (избран примерок), комуналните претпријатија (избран примерок) и нивните претставници ќе биде имплементирана од ТранспаренсиИнтернешнл-Македонија, ЦЕА и од партнерски организации-локални набљудувачи.

За реализација на развиената методологија која се применува за мониторинг во овој извештај беа креирани неколку алатки (Googleforms, excelалатки, база на податоци), прашалници и формулари кои на локалните набљудувачи, на ЦЕА и ТИ-М, кои овозможат платформа за следење на јавните расходи во периодот кој следи.

Со цел имплементација на оваа методологија заедно со партнерската организацијаТИ-М, беше спроведен повик за локални набљудувачи на трошењето на буџетите на локално ниво, и со помош на интервју на кандидати кои се влезени во потесен круг, направена е селекција на локалните набљудувачи (вкупно 8 се селектирани, види Анекс).

За полесна координација и примена на методологијата за мониторинг е направен и водич кој има за цел да им помогне на локалните набљудувачи да ги користат алатките изготвени за потребите на проектот. Пред започнување со мониторингот на трошењето на буџетите на локално ниво, беше спроведена еднодневна обука (22.12.2015) од страна на ЦЕА и еднодневна обука од страна на ТИ-М(23.12.2015) на кои беа презентирани алатките кои набљудувачите ќе ги користат при прибирањето на информации од терен, како и начините за известување.

Резултатите од креираната методологија и од работата на тимот на ЦЕА, ТИ-М и тимот на локални монитори ќе биде презентиран во продолжение.

3. Буџетски Трошења

А) Трошењето од централниот буџет

1. Мониторинг на буџетските трошења на централно ниво-мониторинг и анализа на месечните извештаи кои ги објавува Министерството за финансии на РМ за извршување на буџетот

Мониторингот се врши врз основа на креирана база на податоци (од податоци од месечни/квартални извештаи од Извршување на Буџет 2008-2016 год.) преку што се утврдени главните трендови и сезонски ефекти во политичките и економските циклуси и разликите во буџетските трошења во тековниот период, и нивно споредување со минати периоди. Целта на испитувањето на движењето на посебни позиции на приходи/расходи во буџетот за претходниот период (претходните изборни циклуси) претставува основа да се види шаблонот по кој се менуваат зголемуваат/намалуваат определени буџетски позиции пред и за време на избори. Ова понатаму ќе ни овозможи споредба на истите со тековните движења на буџетските приходи и расходи и со извесна доза на внимание предвидување на движењето на истите во изборниот процес кој доаѓа.

Мониторинг на индикатори за следењето на буџетските трошења на централно ниво

Анализата на национално ниво е базирана на официјално достапните податоци за буџетските ставки од месечните извештаи за извршување на буџетот. Нашата цел во периодот на мониторинг е блиску да го следиме движењето на селектирани ставки кои вообичаено се поврзуваат со политичкиот и економскиот циклус.

За секоја од буџетските приходи и расходи во буџетот кои се дел од мониторингот е креирана база на податоци во која се следи:

- Реализација на буџетот, во проценти на месечна и на квартална основа.
- Кумулативна реализација на буџет, во проценти на месечна и на квартална основа.
- Апсолутно извршување на буџетот на месечна и квартална основа
- Рамномерност во извршувањето на буџетот на месечно и квартално ниво со цел да се видат отстапувањата од месечниот/кварталниот просек
- Отстранување на сезонскиот ефект од движењето на буџетските ставки (приходи и расходи) и преставување на истиот со посебна линија на графичките прикази ("сезонски фактор" кај кварталните прикази и "месечни фактори" кај месечните прикази на податоците) со цел појасно да се видат движењата на определени приходи и расходи кои евентуално произлегуваат од дискрециони одлуки, а не врз основа насезонски ефекти. За секоја од посебните буџетски ставки е пресметан и мониториран и трендот кој го следат истите.

Буџетските позиции кои се дел од мониторингот во овој дел од извештајот опфаќаат:
Јавни приходи: вкупни даноци, ДДВ, данок на добивка, административни такси и глоби, персонален данок на доход.
Јавни расходи: Капитални расходи, плати и надоместоци, стоки и услуги, здравствена заштита, расходи за пензии, парични надоместоци за невработени, и категоријата други трансфери која вклучува и трансфери кон ЕЛС, субвенции за земјоделството.
Финансирање на дефицит: движење на дефицит/суфицит, државни записи и странски заеми.

Во анализата која ќе следи ќе бидат презентирани генерални заклучоци и само селектирани графички прикази кои ги потврдуваат нашите констатации, имајќи ја предвид обемноста на базата на податоци и информациите кои невозможно во целост да се презентираат во ограниченият простор на овој извештај.

Напомена: Со цел појасно претставување на движењето на определените расходи/приходи во дел од графици (може да се види со права хоризонтална црвена линија) е прикажано рамномерното ниво (изразено во %) доколку определена буџетска ставка би се реализирала рамномерно на месечно/квартално ниво во текот на годината. Ова преставува визуелно погоден графички приказ за да се спореди и утврди во кои периоди има значајно поголемо/помало реализирање на определените приходи/расходи од рамномерно утврденото.

Во делот на графичките прикази на месечно ниво со црвена линија (~~)~~ е прикажан сезонскиот фактор, односно вообичаеното/сезонско движење на определен приход/расход (следен во периодот од 2008 година до сега), со цел да видиме дали промените пред, за време и после избори се резултат на сезонските движења или на други дискрециони фактори. Во најголем дел од графичките прикази со цел појасно презентирање на

движењето на индикаторите пред и за време на изборите, во истите се обележани временските приоди кога се одржувани изборите:

Локални избори

Парламентарни избори

Месечни Фактори - ***сезонски фактор на движење на месечно ниво на секоја од разгледуваните буџетски ставки од месечните извештаи за извршување на буџетот е прикажано со црвена линија ( ) со што се гледа вообичаеното/сезонско движење на определен приход/расход (следен во периодот од 2008 година до сега),***

Приходи/Расходи за месецот– ***динамика на движење на месечните приходи/расходи од извршувањето на буџетот споредeн со вообичаените сезонски движење на истиот приход/расход (следен во периодот од 2008 година до јануари 2016), е прикажано со сина линија и маркер за месецот јануари 2016 ( ).***

Вкупни приходи од Даноци

Во 2016 година, во текот на месец јануари, забележуваме намалување на даночните приходи во апсолутна вредност споредено со претходниот месец, декември 2015 година, додека месечно прилагодените податоци укажуваат на зголемување на вкупните приходи од даноци во однос на вообичаената месечна динамика на почетокот на годината. Од предвидениот буџет за 2016 година за вкупните даноци во месец јануари 2016година има реализација од 7,43%, што е за речиси 1% помалку од рамномерните 8,33%, доколку дадената буџетска ставка би се реализирала рамномерно на месечно ниво во текот на годината.



Приходи од ДДВ

Приходите од ДДВ се важен индикатор за фазата во која се наоѓа економијата. Во услови кога имаме експанзивни и стимулативни политики кои влијаат позитивно на економскиот циклус, во тој случај и потрошувачката е поголема

што води до поголеми приходи од ДДВ. Во јануари 2016 год. приходите од ДДВ се зголемуваат, како резултат на забрзаната економска активност и потрошувачката што може да е резултат и на други интерни и екстерни фактори, меѓутоа и политичкиот циклус има значајна улога во истата. Реализација на буџетот во јануари 2016 година изнесува 8,76%, што претставува релативно повисок процент на реализација споредено со претходната година во истиот период (јануари 2015 година) кога истата изнесува 6,9%. Но, истовремено приходите од ДДВ (кои се прикажуваат на нето основа) значајно влијание има и повратот на ДДВ, односно високото ниво на приходи од ДДВ може да биде резултат на намален/одложен повратот на ДДВ кон бизнисите.



Данок од добивка

Движењето на приходите од данокот од добивка во месец јануари 2016 година споредено со вообичаената месечната динамика во претходните години укажува дека има зголемување, но со стапка на реализација од само 4,43% од вкупно планираниот годишен буџет. Според месечната динамика поголема реализација се очекува во третиот месец поради начинот на плаќање на данокот од страна на правните лица и потенцијални позитивни ефекти од економска активност.



Административни такси и глоби (приходи)

Движењето на приходите од ставката Административни такси и глоби е циклично доколку се гледа месечната динамика во целиот период од 2008 година до сега, и во споредба со месечните движења од претходните периоди во јануари 2016година бележи пад, а реализацијата на оваа ставка за месец јануари изнесува 5,6%, што претставува низок процент споредено со рамномерната реализација на месечно ниво која би била 8,33% доколку рамномерно би се реализирал буџетот секој месец во текот на годината.



Буџетски дефицит/суфицит

Буџетскиот дефицит во почетокот на 2016 година (во месец јануари 2016г.) е реализиран над очекуваната рамномерна реализација (8,33%) со стапка на реализација од годишниот буџет за 2016 година од 8,9%. Истиот, споредeн со месечните фактори за изминатиот период не покажува зголемување во однос на овој период од годината.

Државни записи

Државните записи се основните инструменти на Владата/државата преку кои го финансира дефицитот, како и планираните/непланираните расходи на домашниот финансиски пазар. Во јануари 2016 година нема значајна промена на буџетска ставка, државни записи споредено со нивното сезонско/вообичаено движење споредено со минатите години во месецот јануари, но ставката државни записи има значајна цикличност на месечно ниво. Во месец јануари ставката државни записи е со стапка на реализација од дури 12,25% од вкупно планираниот годишен буџет, што е речиси 4% над очекуваната рамномерна реализација на месечно ниво од 8,33%.



Странски заеми

Странските заеми се уште еден извор на финансирање на дефицитот и потребата за финансиски средства на државата. Во месец јануари 2016 година буџетскиот дефицит е финансиран од државните записи како и од странски заеми. Стапка на реализација за месец јануари во однос странски заеми од годишниот план е 2,02%.
Оваа ставка исто така забележува значајна цикличност во реализацијата, но во претходниот месец декември 2015 година се јавува задолжување со странски заеми од 16,77 милијарди денари со што само во месец декември е надминат планираниот годишен буџет повеќекратно (годишен буџет за 2015 година 4,34 милијарди денари), а вкупната реализација за оваа буџетска ставка за цела 2015 година (во однос на буџетот за 2015 година е 458%. Оваа е резултат на издавањето на евро обврзницата во ноември/декември 2015 за која се прибрани 270 милиони евра.





Капитални расходи

Во јануари 2016 година во однос на капиталните трошоци има реализација од само 3,3% од планираниот буџет за 2016 година, и имаат ниско но, вообичаено/сезонско движење за овој период на годината, и значително под рамномерното месечно движење, кое би било 8,33% доколку рамномерно би се реализирал буџетот секој месец во текот на годината.



Социјална помош

Анализата на рамномерноста на реализирање расходите за социјална помош покажува дека овие расходи имаат циклично движење. И во месец јануари 2016 година имаме намалување во однос на сезонското движење и рамномерното реализирање во месецот. Стапката на реализација во однос на планираниот годишен буџет за месецот јануари е 7,44%, и речиси 1% под рамномерното месечно движење, кое е 8,33% доколку рамномерно би се реализирал буџетот секој месец во текот на годината.



Други трансфери

Расходите за "други трансфери" (кои вклучуваат трансфери до ЕЛС, субвенции, награди, стипендии, надоместоци итн.) во јануари 2016 година не покажуваат значајно разлика над вообичаеното месечно движење на почетокот на годината, со стапка на реализација од вкупен буџет за 2016 година од 6,24%.



Плати и надоместоци

Податоците за јануари 2016 година покажуваат благо зголемување на истите над месечното движење, и истовремено покажуваат рамномерност во реализација од очекувана стапка од 8,14%.

Стоки и услуги

Месечните податоци на ставката стоки и услуги не покажуваат зголемување над сезонското движење во месец јануари 2016 година спредено со претходните години во истиот период и реализација на оваа ставка од буџетот од 5,7%.



Агенцијата за вработување (расходи)

Од движењето на ставката социјални трансфери кон Агенција за вработување (вклучително и надоместоци за невработените, расходи за мерките за вработување и сл.) по месеци се гледа отстапувањето на истата во однос на нејзиното вообичаено месечно движење во јануари 2016 година, со стапка на реализација од 6,24% од вкупниот буџет за годината, која е под рамномерно очекуваната стапка од 8,33% на месец доколку рамномерно би се реализирал буџетот секој месец во текот на годината

,



Здравствена заштита

Ставката на централниот буџет во однос на здравствена заштита (во која спаѓаат и расходи за стоки и услуги на ФЗО, расходи за болничко лекување, расходи за примарна здравствена заштита, надоместоци за боледување итн.) во јануари 2016 година бележи значителен скок во однос на вообичаеното месечно движење за овој период над нивното сезонско месечно движење. Стапката на реализација за здравствена заштита во месец јануари изнесува рамномерни 8,23% од планираниот буџет за годината.

Истата ставка во претходниот месец, декември 2015 година во однос на месечното вообичаено движење за крајот на годината пак е невообичаено низок, со стапка на реализација на месечно ниво од 7,88%.



Фонд за ПИОМ

Ставката на централниот буџет во социјалните трансфери - фонд за ПИОМ (во која се вклучени расходите за пензии) во јануари 2016 година бележи значително голем скок во однос на вообичаеното месечно движење за овој период над вообичаеното месечно движење, за разлика од претходните месеци, односно ноември и декември 2015 година, кога имаме движење под нивното сезонско/месечно движење.

Истовремено, се јавува стапка на реализација на планираниот буџет од 9,61% значително повисока реализација над рамномерно очекуваната месечна

распределба од 8,33%, посебно ако се има во предвид дека расходите од оваа буџетска ставка претставуваат 35,51% од вкупниот реализиран буџет (расходи) за месец јануари 2016 година, а според планот за годишни расходи (годишниот буџет за 2016) за оваа ставка се предвидени 27,2% од вкупно планираните расходи за годината.

Бидејќи оваа ставка вклучува и расходи кои произлегуваат од вториот пензиски столб, високиот раст на расходите во овој месец се главно резултат на раздолжувањето на државниот пензиски фонд кон приватните задолжителни пензиски фондови.



2. Јавни објави на веб страниците на Влада и селектирани буџетски корисници

Во споредба со претходните извештајни периоди (декември и јануари) во текот на месец февруари 2016 година, забележано е намалување на бројот на објави на веб страниците на Владата и на селектираните буџетски корисници, посебно во првата половина од месец февруари. Интензитетот на објавите е зголемен во втората половина од месецот.

Во рамките на овој мониторинг се следат сите објавени мерки/активности/политики кои директно или индиректно се поврзани со фискални импликации, како и квалитетот на истите во однос на информациите кои ги даваат буџетските корисници за планираната/направената активност.

Покрај официјалните квантитативни податоци кои можат да се добијат од месечните извештаи за Извршување на Буџет на РМ од Министерството за финансии, мониторингот вклучува и следење на официјални објави на веб страниците на клучни буџетски корисници чија што директна поврзаност со граѓаните е најголема и кои се индиректен показател за политиките и активностите кои се планираат/имплементираат и тоа:

- Влада на РМ,
- Министерство за труд и социјална политика,
- Министерство за транспорт и врски,
- Министерство за финансии,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,

- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
- ЈП за државни патишта.

Во рамките на оваа методологија се следат сите објавени мерки/активности/политики кои директно или индиректно се поврзани со фискални импликации (прикажани во анекс).

Овој мониторинг опфаќа проверка на веб страниците на буџетските корисници, се евидентираат сите објави, и при тоа се забележува колку од објавите содржат:

- финансиски податоци за предвидената/најавената/објавената инвестиција;
- колку од објавите имаат аналитика и програма која ја предвидува активноста или трошењето;
- колку од објавите кои се однесуваат на некакви законски измени имаат објавено ПВР (проверка на влијанието на регулативата);
- во колкав дел од објавите се наведени изворите од каде се обезбедени средствата за најавената/реализираната активност/проект;
- кој е таргетот - крајниот корисник на објавената инвестиција/проект;
- финален чекор на мониторинг - методологијата вклучува подготвување и испраќање на барање за пристап до информации од јавен карактер за проектите/активностите кои имаа значајни фискални импликации и се од посебно значење за граѓаните.

Процесот на следење е претставен на следниот график.



График. Процес на следење на најавени трошења на средства од буџетот на РМ

Следење на објави за извештајниот период

На следната табела може да се види вкупниот број на објави кои се направени во месец февруари на веб страниците на буџетските корисници кои се мониторираат:



График. Број на објави за услуги според буџетски корисник во извештајниот период

Од графикот се гледа дека доминантен број односно три четвртини од објавите се од Владата на РМ.Во споредба со месец јануари, бројот на објави на буџетските корисници е значително намален (што може да се забележи во графиците кои следуваат), а апсолутниот број на објави на Влада на РМ е скоро ист во споредба со претходниот извештаен период. Дел од буџетските корисници кои се мониторирани, како на пример Министерство за транспорт и врски, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, Министерството за економија, воопшто немаат никакви објави.

Иако објавите какои во претходниот извештаен период се малобројни, на следните графицисе илустрирани атрибутите на содржините за најавените/реализираните активности/инвестиции кои буџетските корисници ги пласираат до граѓаните за месец февруари 2016 година.

1) **Влада на РМ**



2) Министерство за труд и социјална политика на РМ



3) Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство



4) Министерство за Финансии на РМ



Јавното Претпријатие за државни патишта има само една објава која содржи финансиски податоци и извор на средства од каде се финансира трошењето наверокдено во објавата.

Илустрација на информациите кои се содржат во вкупниот број на објави и нивна споредба со претходниот извештаен период:

Графици: Информации кои се содржат во вкупен број на објави- февруари и јануари 2016

Како што може да се види од наредната табелаи претходно прикажаните графици:

- *Само 22% од вкупните објави на Влада на РМ (78 објави) содржат финансиски податоци занаправените/планираните инвестиции или за објавите во кои се најавува нова инвестиција(Владата која има најмногу објави).*
- *Само 5% од вкупните објави содржат аналитичко елаборирање на планираните/ реализираните активности.*
- *Скромен дел од објавите (околу 10%) вклучуваат информации за изворите на средства, како ипрограмите/стратегиите/плановите врз основа на кои го најавуваат или реализираат објавениот проект.*
- *Буџетските корисници на своите веб страници објавуваат многу малку информации за нивните активности.*
- *Може да се забележи декапокрај малиот број на објави и содржината на објавите е со скромни квантитативни и квалитативни податоци– односно кај сите мониторирани институции (кај тие што воопшто имаат било каква објава) процентот на објавени информации е многу мал (види табела подолу).*
- *Само за 2 објави на Влада на РМ и 3 објави од Министерството за финансии содржат било каква аналитика на објавите, додека останатите буџетски корисници во своите објави немаат суштински податоци за насловите.*
- *Најголем дел од објавите на сите мониторирани веб страници се однесуваат на посети, средби и конференции на државните претставници кои ги имале во текот на извештајниот период.*

Процентот на објави кај буџетските корисници кои содржат финансиски податоци, аналитика или конкретен извор на средстваво останатите буџетски корисници е под 30%.

График: Број на објави во февруари кои содржат и не содржат финансиски податоци

Табела. Објави и карактеристики на објави од буџетските корисници за месец февруари, 2016 година

Буџетски корисник	Вкупен број на о	Број на објави кои содржат фин. податоци	% на содржини кои содржат фин податоци	% на содржини кои НЕ содржат фин. податоци
Влада на Р.М	78	17	22%	78%
МТСП	6	0	0%	100%
МТВ	0	0	0%	0%
МФ	10	3	30%	70%
АФПЗРР	0	0	0%	100%
МЗШВ	7	1	14%	86%
ЈПДП	1	1	100%	0%
Вкупно	***102***	***22***	***22%***	***78%***

Табела. Објави и карактеристики на објави од буџетските корисници за месец јануари 2016 година

Буџетски корисник	Вкупен број на о	Број на објави кои содржат фин. податоци	% на содржини кои содржат фин податоци	% на содржини кои НЕ содржат фин. податоци
Влада на Р.М	82	22	27%	73%
МТСП	5	1	20%	80%
МТВ	5	1	20%	80%
МФ	8	3	38%	63%
АФПЗРР	2	0	0%	100%
МЗШВ	4	0	0%	100%
А.Патишта	4	3	75%	25%
Вкупно	***110***	***30***	***27%***	***73%***

Од мониторингот на структурата-таргетот на објавите (односно проектите) на клучните буџетски корисници се гледа дека доминантно во фокусот биле: младите и невработените (остатокот, односно најголемиот дел е наменет општо за граѓаните, со општи објави за посети, средби и учество на конференции на претставници на Владата).

На следниот график, прикажани се области за кои буџетските корисници даваат информации за граѓаните. Исто така прикажан е и крајниот корисник/таргет групата за кој се однесуваат трошењата или информациите.
Од графикот може да се види дека доминантно се објавуваат содржини за настанати средби, состаноци, посети по институции, многу помалку за нови инвестиции. Интересно е да се спомене дека од вкупно 11 објави на Министерство за финансии, 7 се однесуваат на еден ист проект: Купи куќа за млади.



График. Области кои се таргетирани со најава за зголемени трошења

Од мониторингот на структурата-таргетот на објавите (односно проектите) на клучните буџетски корисници се гледа дека доминантно во фокусот биле: младите и невработените.



График. Корисници кои се таргетирани со најава за зголемени трошења

Со оглед на тоа дека во разгледуваниот период многу од објавите се однесуваа на активности/проекти за кои веќе имале објавено и во претходните два периоди, или пак најголемиот дел од нив се однесуваа на посети, средби и учество на конференции, а многу мал дел на капитални инвестиции/трошења од Централниот Буџет на РМ, а покрај тоа и бројот на објави е намален во споредба со претходните два периоди, поднесени се само 2 Барања за пристап до информации од јавен карактер до Генерален Секретаријат на Влада на РМ.

Вотекот на февруаридобиени се 5 одговори, по поднесени БПИЈК за евидентирани трошења во претходните извештајни периоди.Од нив, 3 со одговори на поставените прашања, додека 2 се известувања дека Барањата се препраќаат до соодветното министерство/агенција. Два од добиените одговори се од страна на Министерството за здравство, а еден одговор од Министерството за образование и наука (одговорите се од министерства чии веб страници не се предмет на мониторинг, и прашањата до нив беа препратени од страна на Генералниот Секретаријат на Влада на РМ.). Над 80% од БПИЈК кои се поднесени до Генералниот Секретаријат на Влада на РМ, а се врз основа на објави на www.vlada.mk се препратени до соодветните министерства или агенции-иматели на информации од јавен карактер.

Значаен дел од објавите за буџетски трошења се објавуваат на веб страницата на Влада на РМ, а истите се однесуваат на други буџетски корисници кои се имплементатори односно иматели на информации, кои пак не ги објавуваат сите информации на веб станиците, па оттука се јавува и препраќањето од една на друг институција во постапката за БИЈК.

Б) Трошења од буџетите на единиците на локална самоуправа

1. Мониторингот на трошења на ниво на локална власт

Во мониторингот и прибирањето на податоци за трошења на ниво на локална власт своја улога имаат локалните набљудувачи, кои секојдневно ја следат активностите на мониторираните општини и на дневна основа ги проследуваат информациите и податоците согласно дефинирана методологија. Локалните набљудувачи го започнаа својот мониторинг на 01.01.2016.

Во овој извештаен период (во месец февруари) се забележани вкупно 97капитални и оперативни буџетски трошења во 24-те општини[2](55,2% од вкупниот број на жители во Р. М) каде се спроведува мониторингот, по кои е постапено со дополнително прибирање на информации/податоци кои се однесуваат на истите.

По региони (од кои во секој регион се земени по 3 општини) состојбата на трошењата изгледа вака:



График: Евидентирани трошења по региони во извештајниот период

[2]Според проценките на население на ДЗС на 30.06.2014 година (www.stat.gov.mk) за 22 од 24-те општини каде се спроведува мониторингот изнесува 997.903 жители, за општините Центар и Аеродром се евидентираат како Скопје останат дел и Сопиште, и бројот на жители на овие општини е врз основа на податоци од општинските веб страници, односно за Центар 45.362 жители, и Аеродом 98.382 жители. Вкупно овие 24 општини, кои се предмет на мониторинг, имаат 1.141.647 жители што претставува 55,2% од вкуониот број на жители на Р.М кој изнесува 2.067.471 жители, според проценкитена ДЗС од 30.06.2014.

Од расположливите податоци добиени од локалната мониторинг група, се утврдува дека најголем број на капитални/оперативни расходи на локално ниво биле идентификувани во Охрид, Гази Баба (за разлика од претходниот период каде што на територија на Гази Баба беа забележани многу малку активности на терен) и Струмица, додека значително помалку трошења биле идентификувани во Врапчиште, Кратово, Македонски Брод и Чашка – кои доминантно се помали рурални населени места.

Во однос на главната поделба на трошењата на оперативни и капитални, (илустративно прикажано на графикот подолу) во текот на февруари, скоро три четвртини од регистрираните трошења се однесуваат на капитални вложувања.

График: Капитални и оперативни трошења во набљудуваните општини

Во однос на областите на вложувања како главни се издвојуваат: реновирање/реконструкција на градинки училишта и др. образовни објекти, реконструкција на патишта и улици и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, и тоа од вкупно 97 евидентирани трошења, 21 се однесуваат на реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, 36 на реконструкција на патишта и улици, 12 на реновирање/реконструкција на училишта, градинки, социјални домови и сл., и 28 трошења кои не можат да се сместат во горенаведените категории.



График: Области на трошење

Од вкупно 24набљудувани општини во 20 се поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер. Во извештајниот период, вкупно 54 барања се поднесени по основ на евидентираните трошења, и за сите општини има евидентирано барем по едно трошење. За некои општини како што се Охрид, Кратово и Кавадарци информации се добилеи без официјално поднесување на БПИЈК односно за вкупно 37 евидентирани трошења не се јавила потреба за поднесување на БПИЈК и информациите се добивани при посета на општината или при контакт со одговорно лице на телефон или e-mail, или пак информациите се јавно достапни на веб страниците на општините..

Во Македонски Брод, се уште не е забележано позначајно трошење од почетокот на мониторингот.

Табела: Број на поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер по општини

	Регион	Општина	Вкупно евидентирани трошења во февруари	Бр на одговори добиени во фев. а се однесуваат на претходен период (јан)	Вкупно поднесени БПИЈК	Вкупно добиени одговори во законски рок	Вкупно барања за кои се чека одговор во законски рок	Бр на барања на кои нема одговор во законски рок
1	Скопски	Аеродром	4	1	2	0	2	1
2		Центар	5	0	1	0	1	2
3		Гази Баба	10	0	1	1	0	0
4	Југоисточен	Струмица	9	0	9	0	9	2
5		Босилово	4	1	4	0	4	1
6		Гевгелија	4	3	4	0	4	0
7	Источен	Штип	2	1	1	1	0	0
8		Кочани	2	1	1	1	0	0
9		Карбинци	2	0	2	1	1	0
10	Вардарски	Велес	5	0	2	2	0	0
11		Чашка	1	1	1	0	1	0
12		Кавадарци	3	0	0	0	0	0
13	Пелагониски	Битола	3	3	3	1	2	0
14		Прилеп	4	2	4	1	3	1
15		Новаци	3	0	2	0	2	0
16	Полошки	Тетово	5	1	5	1	4	2
17		Врапчиште	1	3	1	0	1	0
18		Гостивар	4	1	4	2	2	0
19	Североисточен	Куманово	4	0	4	0	4	0
20		Крива Паланка	3	0	1	0	1	0
21		Кратово	1	0	0	0	0	0
22	Југозападен	Охрид	12	1	0	0	0	0
23		Струга	5	2	2	2	0	0
24		Мак. Брод	1	0	0	0	0	0
Вкупно		***24***	***97***	***21***	***54***	***13***	***41***	***9***

Од вкупно евидентираните 97 трошења во набљудуваните општини, за 49 трошења има целосни или делумни податоци добиени како одговор на БПИЈК (13), со директен контакт со општината или документите се јавно достапни. За остатокот од поднесените БПИЈК, се очекува да се добие одговор во наредниот извештаен период, кога и истекува законската обврска да се добие одговор по основ на поднесените барања. Во текот на февруари добиени се

21 одговор кои се однесуваат на поднесените БПИЈК во текот на јануари (од вкупно 46 поднесени во истиот месец).

Табела: Достапност на документи со кои е поткрепено трошењето:

Документи со кои е поткрепено торшењето	# трошења во набљудуваните општини во јануари	Изразеност во % (од вкупно 24 трошења)-јануари	# трошења во набљудуваните општини во февруари	Изразеност во % (од вкупно 49 трошења)-февруари
Предвидено во стратегија	2	8%	0	0%
Предвидено во Програма	15	63%	17	35%
Предвидено во Буџетска програма	12	50%	20	41%
Донесена Одлука на Совет	14	58%	13	27%
Предвидено во План на општината	12	50%	12	24%
Трошења соджани во сите 5 документи	2	8%	0	0%
Трошења содржани во барем 2 документи	16	67%	18	37%
Трошења содржани во само 1 документ	4	17%	7	14%

Од табелата јасно се гледа дека од добиените информации за идентификуваните капитални и оперативни расходи во општините во текот на ***февруари35% се предвидени во програмите општините, за 27% имало донесена Одлука од Советот на општината, додека помалку од половина (41%) биле предвидени во буџетска програма и план на општината.*** Анализата на достапните податоци добиени од локалните монитори за бројот на документи во кои според позитивните законски акти и практиките треба да биде евидентирано секое трошење, почнувајќи од стратегија, програма, буџет, план и одлука на совет, покажале дека ниту едно од идентификуваните трошења не епредвидено во сите стратешки и тековни документи, додека скромен дел или 1/3 биле дел од барем 2 документи.

2. Селектирани капитални/оперативни расходи и следење кај единиците на локална самоуправа и трошења на ЈП основни од ЕЛС (Град Скопје)

Квартално извршување на буџетите на единиците на локална самоуправа

Според законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, кварталните извештаи за извршување на буџетот на општината се доставуваат до Министерството за финансии, еден месец по завршување на кварталот од фискалната година.

Во периодот по завршување на четвртиот квартал за фискалната 2015 година побарани се извештаите за извршување на буџетот кај сите дваесет и четири

општини кои се мониторираат. До крајот на месец февруари2016 година добиени се:два официјални одговори дека сеуште не се усвоени кварталните извештаи за извршување на буџетите на општините, и тоа добиени се и обработени кварталните извештаи за извршување на буџетот за четвртиот квартал за 2015 година во текот на месец февруариза 17 од 24 општини (3 ЕЛС од Вардарски регион, 3 ЕЛС од Источен регион, 3 ЕЛС од Југозападен регион, но Охрид нддддедоставува состојба на обврски за ниту еден квартал од 2014 и 2015 година, 3 ЕЛС од Југоисточен регион,2 ЕЛС од Пелагонија (сеуште не е доставен од Прилеп) , 0 ЕЛС од Полошки регион (со тоа што од Гостивар не е се уште усвоен, Врапчиште, Тетово се уште (29/02/2015) не ги ставиле на располагање), 0 од Североисточен регион (Крива Паланка доставила нецелосни податоци, Куманово и Кратово се уште не доставиле одговор), 3 ЕЛС од Скопски регион .

Од достапните квартални извештаи за последниот, четврт квартал од извршување на буџетот за 2015 година, во 18 од 24општини (за кои се добиени кварталните извештаи) може да се утврди следното[3].

Реализација на вкупни буџети за 2015 годинаод 18 општини.

- ✓ Ниту една од општините не го реализирала буџетот за 2015 година над 90% од планираниот/последен ребаланс на буџетот
- ✓ 7 Општини реализирале 80% и над 80% од вкупниот буџет за 2015 година
- ✓ 4 Општинареализиралепомеѓу 70% и 79% од вкупниот буџет за 2015 година
- ✓ 5 Општини реализиралепомеѓу 60% и 69% од вкупниот буџет за 2015 година
- ✓ 2 Општинареализиралепомеѓу 50% и 59% од вкупниот буџет за 2015 година

Реализација на вкупни капитални буџети за 2015 година од 18 општини

- ✓ Ниту една од општините не го реализирала капиталниот буџетот за 2015 година со 80% од планираниот/последен ребаланс на буџетот
- ✓ 3 Општини реализирале помеѓу 70% и 79% од вкупниот капитален буџет за 2015 година
- ✓ 2 Општини реализирале помеѓу 60% и 69% од вкупниот капитален буџет за 2015 година
- ✓ 5 Општини реализирале помеѓу 50% и 59% од вкупниот капитален буџет за 2015 година
- ✓ 3 Општини реализирале помеѓу 40% и 49% од вкупниот капитален буџет за 2015 година
- ✓ 4 Општини реализирале помеѓу 30% и 39% од вкупниот капитален буџет за 2015 година
- ✓ 1 Општина реализирала 20% од вкупниот капитален буџет за 2015 година

[3]Анексот е обемен документ кој има над 70тина страни а кој е достапен на барањеи ќе биде достапен на веб страната на ЦЕА

Реализација на вкупни оперативни буџети за 2015 годинаод 18 општини

- ✓ 5 општини го реализирале оперативниот буџет за 2015 година со над 90% до 94% од планираниот/последен ребаланс на буџетот
- ✓ 9 Општини реализирале помеѓу 80% и 89% од вкупниот оперативенбуџет за 2015 година
- ✓ 4 Општини реализирале помеѓу 70% и 79% од вкупниот оперативенбуџет за 2015 година

Регион	***Општина***	***% реализација на расходи од вкупен буџет за 2015***	***% реализација на капитален буџет за 2015***	***% реализација на оперативен буџет за 2015***
Вардарски	Кавадарци	80%	52%	88%
	Велес	76%	47%	82%
	Чашка	78%	54%	87%
Источен	Кочани	89%	74%	94%
	Штип	83%	70%	87%
	Карбинци	55%	38%	72%
Југозападен	Охрид	86%	66%	93%
	Струга	80%	34%	88%
	Македонски брод	50%	20%	84%
Југоисточен	Гевгелија	68%	52%	79%
	Струмица	86%	76%	92%
	Босилово	79%	63%	85%
Пелагонија	Прилеп	н/а	н/а	н/а
	Битола	81%	58%	90%
	Новаци	62%	48%	80%
Полог	Гостивар	н/а	н/а	н/а
	Тетово	н/а	н/а	н/а
	Врапчиште	н/а	н/а	н/а
Скопски	Аеродром	65%	40%	74%
	Гази Баба	65%	32%	83%
	Центар	78%	55%	93%
Североисточен	Крива Паланка	64%	39%	73%
	Куманово	н/а	н/а	н/а
	Кратово	н/а	н/а	н/а

- Ребаланс на буџет во четвртиот квартал има кај 15 општини, кај две нема ребаланс на буџетот додека за 7 се уште овие податоци не се добиени на увид. Истовремено, најчесто се прават ребаланси на буџетот трипати во годината односно во секој квартал, освен првиот, и тоа кај 9

од 18 општини, двапати кај 6 општини, по еден ребаланс во годината има кај три општини.

- Зголемено трошење во четвртиот квартал 2015во апсолутна вредност споредено со четвртиот квартал во 2014 година се јавува најчесто кај трошоците за привремени вработувања (пример Велес, Штип, Охрид, Новаци, Чашка, Струмица и Центар), и зголемување на капиталните расходи (кај општините Кочани, Штип,Охрид и Новаци).